Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-854/2
Датум: 26-12-2023

По претставката бр. 08 - 854/1 од 19.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со адреса на [redacted] против [redacted] за заштита од директна дискриминација и вознемирување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.12.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 854/1 од 19.12.2023 година, поднесена од [redacted] против Весна Наковска **поради ненавременост.**

## Образложение

На 19.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од подносителката [redacted]. Подносителката како адвокатка била ангажирана од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија во однос на бесплатна правна помош. Наводите за директна дискриминација од претставката се однесуваат на неосновано бришење од регистарот на адвокати за бесплатна правна помош. Подносителката тврди дека била избришана од конкретниот регистар со Решение за бришење [redacted] од 04.04.2022 година и со тоа нееднакво се постапило кон неа. Воедно, подносителката наведува дека кон неа е извршено дискриминациско вознемирување од вработена во Министерството за правда во одделот за бесплатна правна помош – [redacted]. Истото го поткрепила со доказ – линк од објава на порталот Сакам да кажам. Во продолжение подносителката тврди дека посочената [redacted] во изјавата за порталот јавно го цитирала нејзиното име, изјавувајќи: [redacted] *е непозната и неистакната во својата кариера“.* Со тоа подносителката тврди дека ѝ било повредено достоинството како адвокатка и за неа била создадена непријателска и понижувачка средина. Содржината од објавата на порталот Сакам да кажам е достапна на следниот линк РАКОВОДИТЕЛКАТА НА СЕКТОРОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ БАРА ДА Ѝ СЕ ИЗВИНИ АДВОКАТКАТА КОЈА ТВРДИ ДЕКА Ѝ БИЛ ПОБАРАН ПОТКУП - Сакам Да Кажам (sdk.mk) од 28.04.2022 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

***„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."***

Од причина што за поднесување на претставката **не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје,
26.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- Александра Илиева Милчова со адреса на ул. „Пајко Маало" бб, 1000 Скопје